| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Патуваме со авион |
| **Содржина на денот** | Лета, лета |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Снежана Цветковска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Оспособување на детето да биде внимателно ,да ги препознава местата кои што се опасни по здравјето и како да ги избегнува истите. Навикнување да избегнуваат блиски контакти со деца и возрасни. |
| **Активност** | За оваа активност можете да проследите некој видео запис од авион или птица како лета. Исто така додека се шетате во природа и доколку видите птица како лета насочете го вниманието на детето кон неа и поставете го прашањето :Што прави птицата, бубамарата, авионот? итн. Се што ќе видите опишувајте со зборови и дозволете му на детето и тоа да опишува (летот на птицата, бубамарата, но да ги опишува и како изгледаат).<br>Потоа можете да ја играте подвижната игра „Лета, лета“ .Оваа игра се игра на тој начин што Вие ќе му кажете на детето: „Лета лета авионот“. Детето треба да прави движења како летањето на авионот со раширени раце, или да мавта со рацете како летот на птицата.<br>Во текот на играта можете да кажете :„Лета, лета магарето, лавот, масата...итн“ .Во тој случај детето треба да застане во едно место и да не изведува никакви имитативни движења.<br>Во оваа игра можете да му означите патека на движење на детето , да почне од една точка и да заврши до некоја определена цел.<br>Можете да ги употребите поимите високо-ниско Пример: „Птицата лета ниско, детето треба да поклекне и да прави движења со рацете по означена насока.<br>Во прилог имате фотографии кои можете да ги опишувате со своите деца и да го имитирате нивното летање.<br>Направете авионче од хартија и детето нека го лета во природа.<br>Во прилог следува видео клип за изработка на авионче од хартија.<br>https://youtu.be/veyZNyurlwU |